USAID | MACEDONIA
FROM THE AMERICAN PEOPLE

***ЗА ИТНО ОБЈАВУВАЊЕ***
12.12.2012
Канцеларија за комуникации: +389 (0)2 3102314
Мобилен: +389 (0)70 367 547
Е-пошта: bvelickovska@usaid.gov
Контакт на проектот:
sbasmadzieva@edc.org
+389 2 3245 606 Лок.101
+389 2 3245 610 Лок.101
Мобилен:+389 70 306 675

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

## ОТВАРАЊЕ НА РЕНОВИРАНИОТ РАБОТЕН КЛУБ ВО ЦЕНТАРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ПРИЛЕП

Денеска беше отворен Работниот клуб во Центарот за вработување во Прилеп, по добиената помош во реновирање и опрема од Проектот на УСАИД Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување. Клубот е дел од шесте клубови кои се реновираат и опремуваат во Центрите за вработување, во неколку општини низ целата држава. Преку овој проект, УСАИД обезбеди книги и референтни материјали, како и компјутерска опрема и нов мебел во вкупна вредност од околу $8.000 за секој клуб, односно над $48.000 за сите шест клубови.

„Ја поздравуваме иницијативата на Центарот за вработување во Прилеп за воведување на нова услуга за младите невработени: петдневна работилница насловена "Подготовка за работа" рече Роберт Вурц, Директор на Мисијата на УСАИД во Македонија. "Веруваме дека со повеќе обучувачи во работните клубови, Агенцијата за вработување ќе биде во можност редовно да ги нуди овие тренинзи. Неколку претставници од невладини организации им помагаат да ја спроведат обуката на високо интерактивен начин, нагласувајќи ја примената на техниката "учење преку работење".

Главната цел на Работниот клуб е да им помогне на невработените лица кои се регистрирани во Агенцијата за вработување, да ги стекнат потребните вештини за успешно да најдат работа на македонскиот пазар на труд кој е доста прагматичен и брзо се менува. Ресурсите и услугите на Работниот клуб ќе им помогнат да ја пронајдат идеалната работа, како и да ги разгледаат различните кариерни можности и начините на кои се поврзани со нивното знаење, лични карактеристики и вештини. Во иднината година, Проектот на УСАИД Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување ќе продолжи со поддржување на реновирањето и опремувањето на работните клубови во четири нови општини.

### БЕЛЕШКА ДО УРЕДНИЦИТЕ:

Проектот Мрежа YES на УСАИД ја имплементира Центарот за развој на образованието (Education Development Center), глобална непрофитабилна организација, посветена на подобрување на процесот на учење и промовирање на здравјето. Проектот соработува со АВРМ, локалните агенции за вработување, средните стручни училишта, невладините организации кои работат со млади со цел да им помогнат на учениците кои завршуваат со средното образование и на невработените млади преку советување за карирера, вештини за подготвеност за работа, обуки и искуства преку работа како што се практикантство, практична работа и активности за претприемништво. Сите овие активности се создадени за да им помогнат на младите да станат дел од светот на продуктивна работа.

Американскиот народ, преку УСАИД, има инвестирано над 500 милиони долари во Македонија од 1993 година. УСАИД работи со граѓаните на Македонија за создавање на работни места, зајакнување на демократските институции и практики, подобрување на интегрираното образование и подготвување на учениците за работната сила. Овие иницијативи го подобруваат квалитетот на живот и ја поддржуваат транзицијата на Македонија кон стабилна и просперитетна демократија. УСАИД обезбедува економска и хуманитарна помош во преку 100 земји во светот. За повеќе информации, ве молиме посетете ја веб страницата macedonia.usaid.gov или нашата Фејсбук страна www.facebook.com/USAIDMacedonia